## КАКО ЌЕ ЈА ДОБИЕТЕ ПОДДРШКАТА?

•Присуствувајте заедно со сопружникот на информирањето пред почетокот на мисија-та.

• Пополнете го образецот со податоци што ќе ви го достават вработените за време на информирањето.

• Ќе бидете контактирани во врска со сите активности кои ги организира Центарот за транзиција и поддршка на семејствата.

• Вклучете се во активностите.

Доколку имате проблем и ви е потребна помош или поддршка:

•Јавете се на телефоните на последната страница од брошурата или испратете мејл до вработените во центарот.

•Вработените ќе исконтактираат со вас, ќе ви помогнат или ќе ве упатат до надлеж-ната организациска единица на МО или до Армијата за решавање на проблемот.

•Доколку е потребно да се ангажира друга државна институција, вработените ќе ве насочат каде треба да се јавите.

•Одржувајте контакт со вработените во Центарот за транзиција и поддрш-ка на семејствата.



•Слободно побарајте ин-формација и консулти-рајте се со вработените за секој проблем.

**ЗАЕДНО Е ПОЛЕСНО!**

**ОРГАНИЗИРАЈТЕ ГО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ! НИЕ ЌЕ ВИ ПОМОГНЕМЕ!**

**ПОВРЗЕТЕ СЕ СО СЕМЕЈСТВАТА НА ОСТАНАТИТЕ МИРОВНИЦИ - ДА БИДЕМЕ ЕДНО СЕМЕЈСТВО!**

**ИСКОРИСТЕТЕ ЈА ПОДДРШКАТА!**

## КАДЕ ЌЕ ЈА ДОБИЕТЕ ПОДДРШКАТА?

### ЦЕНТАР ЗА ТРАНЗИЦИЈА И ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВАТА - СКОПЈЕ

Адреса: Касарна „Гоце Делчев“ – Скопје

контакт-телефон: 02/328-7661, 02/328-3818, 02/328-3863

Имејл-адреса: semejstva@mod.gov.mk

### КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ И ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВАТА - КУМАНОВО

Адреса: Касарна „Боро Менков“ - Куманово

Телефон: 031/474-216

Имејл-адреса: semejstva@mod.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**



# ПОДДРШКА ЗА СЕМЕЈСТВАТА

НА ПЕРСОНАЛОТ УПАТЕН ВО ХУМАНИТАРНИ ИЛИ МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ НАДВОР ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Центар за транзиција и поддршка на семејствата – Скопје

Упатувањето во мировна мисија за секој припадник на Армијата претставува професионален предизвик и ново искуство.

За да можат да одговорат и ефикасно да ја извршат мисијата, припадниците на Армијата мора да бидат квалитетно подготвени и целосно посветени. Припадниците на Армијата треба да бидат сигурни дека нивните семејства ќе бидат згрижени и ќе добијат помош и поддршка додека тие се отсутни.

Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, грижејќи се за својот персонал, преземаат активности за поддршка на семејствата на персоналот за време на нивното учество во хуманитарни или мировни операции и вежбовни активности и обука надвор од Република Северна Македонија.

Поддршката на семејствата ја организира и ја реализира Секторот за човечки ресурси во Министерството за одбрана преку центрите за транзиција и поддршка на семејствата и во соработка со командите и единиците на Армијата и другите органи на државната власт.

Центрите за транзиција и поддршка на семејствата во Скопје, во Штип и во Кичево ќе ви ја понудат потребната помош и ќе ви овозможат поддршка.



*Министерството и Армијата, помагајќи му на семејството да остане стабилно, функционално и добро организирано за време на мисијата, посредно му помага и на мировникот, максимално да се посвети на извршувањето на мисијата и на професионалните обврски, како и да го сочува своето ментално здравје.*

## КАКВА ПОДДРШКА МОЖЕ ДА ДОБИЕТЕ?

- Информирање пред упатувањето и за време на мисијата
- Комуникација со мировниците
- Правно и административно советување
- Помош при користење на капацитетите за одмор на Министерството за одбрана
- Финансиско советување и помош за остварување финансиски надлежности во согласност со законот
- Психолошка, социјална и педагошка поддршка на членовите на семејството
- Организација на културно-забавни активности



## КОЈ МОЖЕ ДА ЈА КОРИСТИ ПОДДРШКАТА?

Членовите на семејствата на лицата кои се упатени во мировни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија.

## АКТИВНОСТИ ПРЕД МИСИЈАТА:

- Информирање
- Поединечни разговори
- Едукативни семинари



## АКТИВНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА МИСИЈАТА:



- Телекомуникациски врски
- Едукативни работилници
- Индивидуално советување
- Психолошка, социјална и педагошка поддршка
- Културно-забавни активности

## АКТИВНОСТИ ПО МИСИЈАТА:

- Заеднички едукативни работилници
- Индивидуални советувања

